Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздушната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
M-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 1101-709/3
23.04 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТ

*AMC1 ATS.OR.200(1)(i)*

Безбедноста е основна вредност и главен приоритет на сите активности во рамките на М-НАВ А.Д.-Скопје , имајќи предност над оперативната експедитивност, комерцијалниот, социјалниот и другите аспекти на давањето услуги.

Посветени сме на имплементација, развивање и подобрување на стратегии, системи за управување и процеси за да се осигураме дека сите наши активности го поддржуваат највисокото ниво на безбедносни перформанси и ги исполнуваат националните и меѓународните стандарди.

Овие цели се постигнуваат преку понатамошна посветеност на организацијата за да се обезбедат потребните ресурси за ефикасно управување со безбедноста.

Обврската на М-НАВ А.Д.-Скопје е да се постигне:

- Проактивна идентификација на опасностите, проценка на ризиците и ублажување на истите преку повеќе процеси, односно систем за пријавување и испитување на настани, инспекции, проверки, ревизии, и експертско расудување.

- Непречено пријавување на сите настани кои можат да го загрозат безбедното одвивање на нашите операции. За таа цел, сите вработени во М-НАВ А.Д.-Скопје се одговорни за пријавување на било какви информации поврзани со безбедноста.

- Гаранција за безбедност преку континуирани безбедносни перформанси како што се следење и мерење, редовен преглед и прилагодување на безбедносните цели и таргети и вредно постигнување на истите.

- Промоција на безбедност која ги обезбедува процесите неопходни за поддршка на здрава безбедносна култура како што се комуникацијата и обуките.

- Принципи на култура за безбедност за да се обезбеди дека нема да бидат преземени дејствија против било кој вработен кој открива било каква загриженост за безбедноста, освен ако таквото обелоденување не означува, надвор од било какво разумно сомневање, груба небрежност или намерно непочитување на прописите или процедурите.

- Доволно квалификуван и соодветно обучен персонал, компетентен во областа на безбедноста на давањето на услуги.

Скопје, април 2024 година

УО на М-НАВ А.Д.- Скопје
м.п. Këshilli Drejtues i M-NAV Sh.A. Shkup

Милан Кораќ, Претседател
Hekuran Asani, член
d-r Hasim Deari, член

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздушната навигација АД Скопје M-НАВ M-NAV SHA Shkup Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror